Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ВЛАДИН АГЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА ВЛАДИНИОТ АГЕНТ И

# АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ

# ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ЗА 2013 ГОДИНА

СКОПЈЕ, февруари 2014

## 1.ОПШТИ НАПОМЕНИ

Република Македонија ја ратификуваше Европската Конвенција за човекови права и основни слободи (понатаму: ЕКЧП) на 10 април 1997 година. Првите жалби против државата, поднесувани од страна на македонските граѓани и странски државјани, започнаа да пристигнуваат кон крајот на 1999 година.

Од ратификација на ЕКЧП во Република Македонија, а заклучно со **31.12.2013 година**, Владиниот агент на Република Македонија, постапувал по вкупно **625** предмети по поднесени жалби до Европскиот суд за човекови права (понатаму: ЕСЧП/Судот), за наводни повреди на правата и слободите предвидени во ЕКЧП од страна на Република Македонија. Од нив **126** предмети се пристигнати во 2013 година.

**Графикон 1. Прилив на предмети**




Од споменатите **625**[1] предмети, заклучно со 31.12.2013 година **485** предмети се завршени, а во постапка пред ЕСЧП останаа активни **140** предмети.
Притоа во текот на 2013-тата година пристигнаа вкупно **122 одлуки за завршување на активните предмети против државата пред ЕСЧП** од кои:
- 8[2] пресуди,
- 55[3] одлуки за пријателско решавање на предметите,
- 48 одлуки по еднострани декларации, и
- 4 одлуки за недопуштеност на жалбите.
- 7 одлука за отфрлање од листа на предмети

---

[1] Бројката на 625 предмети по кои постапувал Владиниот Агент е помала од збирот на комуницирани предмети по години од причина што во 2008 година еден ист жалител (Пецев) поднел 8 различни апликации заведени по 8 различни броеви, кои Судот ги споил во една. Во 2009 од Судот пристигнале две посебни апликации (Петрески и Спасевски и др.) на кои им бил даден различен број, подоцна истите се споени во еден предмет. Во текот на 2012 година пристигнала една апликација – Миладинови, во која има споено 3 апликации.

[2] Во статистиката на Судот бројот на пресуди за 2013 година е 9. Разликата е тоа што во 2013 година пристигна пресуда по жалба, по предметот Наумовски, за кој има пресуда од 2012 година.

[3] Во една одлука судот Котеска и други, Судот со иста одлука за 5 апликанти одлучил да им ја прифати апликацијата, додека за другите 5 ја прогласил како недопуштена

Бројот од 140 предмети кои биле доставени до Владата на произнесување и сеуште се во постапка пред ЕСЧП, заклучно со 31.12.2013 година, е релативен, од аспект на вкупниот и прецизен број на поднесени жалби против Република Македонија пред овој суд[4].

Статистичките податоци на Европскиот суд по однос на приливот на предметите против Република Македонија покажува дека од 1999 година па заклучно со 31/12/2013 година пред ЕСЧП биле поднесени **4,023 предмети.**
Следува табеларен преглед за приливот на поднесените жалби против Република Македонија.

**Табела 1**

**Годишен прилив на жалби поднесени пред ЕСЧП против Република Македонија**

| **година** | **новоподнесени жалби** | **нови жалби распоредени пред определено тело за одлучување** |
|---|---|---|
| 1999 | 31 | |
| 2000 | 41 | |
| 2001 | 59 | |
| 2002 | 95 | |
| 2003 | 148 | |
| 2004 | 148 | |
| 2005 | 238 | 229 |
| 2006 | 384 | 295 |
| 2007 | | 453 |
| 2008 | | 395 |
| 2009 | | 489 |
| 2010 | | 399 |
| 2011 | 389 | 352 |
| 2012 | 354 | 350 |
| 2013 | 455 | 539 |

Видно од табела 1, започнувајќи од 2007 година, за да се добие целосна и прецизна слика за неговата работа, Судот оценил дека во т.н. претходна/прелиминарна постапка, значаен дел од поднесените жалби отпаѓаат од разгледување од различни, пред и се, процесно-формални причини. Статистиката за работата на Судот се води во поглед на **жалбите кои се веќе распоредени пред одредено тело за одлучување**[5], во рамките на организацијата на судот.

[4] Ова се должи на следниве причини: **Прво**, Европскиот суд за човекови права го известува Владиниот Агент само за предметите по однос на поднесените жалби за кои судот оценил дека се допуштени; **Второ**, Сознанија за предметите против Република Македонија, Владиниот агент ги добива во моментот кога Европскиот суд за човекови права, откако претходно ќе оцени дека жалбата е допуштена, истата ја доставува до Владиниот агент на Република Македонија, со барање Владата на Република Македонија да се произнесе по однос на прифатливоста и основаноста на жалбата. Овој факт претпоставува дека Владиниот агент, кој работи според процедурите на Европскиот суд, не може да располага со вкупниот и прецизен број на жалби кои се во тек пред Европскиот суд во периодот на поднесување на овој извештај, а кои потенцијално можат да бидат искомуницирани до Владата.

[5] Доколку жалбата не е веднаш административно одбиена, се распоредува во еден од петте оддели на Судот, од каде жалбите се доделуваат на одлучување на Комитет (во состав од 3 судии), Совет (во состав од 5 судии) или на судија-поединец, последното, согласно реформата на Судот и стапувањето на силан на Протоколот 14 (1.06.2010)

Оттука, за 2013 година биле распоредени нови **539 жалби** против Република Македонија до одредено тело за одлучување во рамките на Судот, а пред телото надлежно за Република Македонија на 31.12.2013 во работа имало вкупно **345 предмети**

## 2.СОСТОЈБИ ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### *2.1. Број и прилив на предмети*

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е соочен со зголемен број на жалби на граѓаните на Европа, кој расте од година во година. Започнувајќи од 1998 година, кога стапи на сила Протоколот 11 со кој се промени системот на Конвенцијата и пристапот до ЕСЧП, настапи висок наплив на предмети.
Имено, ако од 1999 до 2001 година, односно за три години пред ЕСЧП имало 32,700 предмети, вкупната бројка заклучно со 2013 година достигнала 591.300 предмети.

Бројката на активните предмети до 31/12/2013 година изнесува 99.900 предмети.

Графикон 2- **Преглед на активни предмети пред ЕСЧП по години (2000-2013)**




Соочен со постојаниот рапиден прогрес на бројот на жалбите, ЕСЧП во соработка со надлежните институции и тела на Советот на Европа (понатаму: СоЕ), во последниве 15 години откако е формиран новиот ЕСЧП, превзема мерки за реформа на Судот, и тоа, како преку измени и дополнувања на Конвенцијата, така и од аспект на измени во деловникот на Судот и процесните упатства кон деловникот.

## *2.2. Анализа на бројноста на предметите по земји-членки*

Од вкупниот број на жалби во ЕСЧП распоредени пред определен орган на одлучување, 16.8% се насочени против Русија, против Турција околу 11%, против Италија 14.4%, против Романија 6.2%, против Украина 13,3%, против Србија 11,3%, против Словенија 1,8%, против Грузија, Бугарија, и Велика Британија по 2,5%. Процентот на Република Македонија не е поединечно претставен туку тој е кумулиран во рамки на преостанатите 37 држави, кои претставуваат 17.9% од вкупен број на жалби.

**Графикон 3**
**Состојба на предмети кои се во тек пред ЕСЧП по земји - членки заклучно со 31.12.2013**




## *2.4. Пресуди на ЕСЧП со кои се констатирани повреди на ЕКЧП*

Европскиот суд за човекови права во текот на 2013 донел вкупно 916 пресуди (споредбено со 2012 кога донел 1093 пресуди). 13 пресуди биле донесени од страна на Големиот судски совет, 684 пресуди биле донесени од страна на Судскиот совет и 219 пресуди биле донесени од страна на Комитетите.

Притоа, во 797 пресуди ЕСЧП констатирал повреди на правата загарантирани со Конвенцијата (вкучувајќи и само една повреда), а само во 96 пресуди не констатирал повреда на правата предвидени во ЕКЧП.

И понатаму како и досега доминираат пресудите кои констатираат повреди на различни аспекти од членот 6 кој го гарантира правичното судење со повеќето аспекти од истиот, особено аспектот на судење во разумен рок.

Во праксата, поголемиот дел на апликациите пред судот, биле решени со одлука. Околу 4.200 апликации биле прогласени за недопуштени или биле тргнати од листата на предмети од страна на Судскиот совет, а околу 4,900 од страна на Комитетите. Дополнително, судиите-поединци прогласиле за недопуштени или ги тргнале од листата на предмети околу 80,500 апликации (нивниот број во 2012 година бил 81.700).

До крајот на 2013 година, вкупниот број на активни предмети бил намален на 99,000 од вкупно 128,100 предмети кои биле активни на почетокот на 2013 година.

Имено, во поглед на Република Македонија, во текот на 2013 година, Судот одлучувал по 859 апликации. 733 од нив биле отфрлени како недопуштени или тргнати од листата на предмети од страна на судија поединец. Од страна на Комитетот биле отфрлени како недопуштени или тргнати од листата на предмети 114 од одлучените предмети, додека пак од страна на судскиот совет само 3. Во текот на 2013 година само по 8 предмети Судот донел пресуда.

Графички приказ на одлучените предмети во 2013 година

**Графикон 4**




Од графиконот јасно се гледа дека од вкупниот број на предмети по кои одлучувал Судот, најголемиот број (85%) биле прогласени за недопуштени или тргнати од листата на предмети од страна на Судија поеднинец.

***2.5. Реформа на системот на Конвенцијата и на Европскиот суд за човекови права во правец на зголемување на ефикасноста на работата на Судот***

Соочени со огромниот број на индивидуални жалби пред Европскиот суд за човекови права, кој предизвикува сериозна штета на ефективноста и кредибилитетот на Конвенцијата и нејзиниот надзорен механизам, и претставува закана за квалитетот и конзистентноста на праксата и за авторитетот на Судот, Европскиот суд и Комитетот на Министри при Советот на Европа, преземаа сериозни и опсежни мерки за подобрувањето на системот за ефективна заштита на човековите права и во подобрувањето во функционирањето на Европскиот суд за човекови права.

Декларацијата од Интерлакен и Акцискиот план одредија конкретни мерки кои се преземаат на неколку нивоа – на национално ниво, на ниво на Комитетот на министри, како и од страна на самиот Суд, а со цел да се постигнат посакуваните подобрувања и приспособувања од кои, најмногу полза ќе имаат европските граѓани.

Декларацијата од Интерлакен и Акциониот план усвоени во 2010 година, потврдија дека националните органи – владите, судовите и парламентите мора да имаат фундаментална улога во гарантирањето и заштитата на човековите права на национално ниво.

Во Измир Турција на 26-27 април 2011 година за време на Турското претседателство со Комитетот на Министри при Совет на Европа беше одржана Конференција.

Конференцијата во Измир имаше три основни цели во контекст на обезбедување на ефикасност на супервизорската машинерија поставена од страна на Европската конвенција за човекови права како и одржување на динамика во напорите да се постигне ова. Првата беше да се направи прелиминарна проценка на влијанието на Протокол бр 14. Втората, да се направи преглед односно проценка на она што е постигнато со процесот на реформи започнат со конференцијата Интерлакен во февруари 2010 година, а третата да се рефлектираат понатамошни идеи за остварување на таа реформа.

Во април 2012 година во Брајтон, Обединетото Кралство, се оддржа нова конференција на која се дискутираше за подобрување на системот на Конвенцијата за заштита на човековите права. Од страна на државите членки беше усвоена заедничка декларација со која беа утврдени правците за понатамошни реформи на Судот.

Во текот на 2013 година беа донесени два нови протоколи, Протокол 15 и Протокол 16, на Конвенцијата.

Имено, со Протоколот 15 се прави измена и дополнување на Конвенцијата, со што се воведува упатување на принципот на супсидијарност и доктрината на “маргината на уважување”. Со него, исто така се намалува рокот во кој апликантот може да поднесе апликација до Судот. До сега тој рок беше 6 месеци од денот на достава на последната домашна конечна одлука. Со стапување на сила на Протоколот 15 тој рок ќе биде 4 месеци.

Протоколот бр 15 ќе влезе во сила веднаш штом сите држави потписнички на Конвенцијата ќе го потпишат и ратификуваат.

Со Протоколот бр 16 им се дава можност на највисоките судови во државата – потписничка, да бараат од Судот советодавни мислења за прашањата поврзани со толкувањето или примената на правата и слободите утврдени во Конвенцијата или протоколите. Највисокиот суд, може да побара советодавно мислење само во контекст на предметот кој се води пред него, со што треба да ги истакне причините поради кои бара такво мислење, како и да ја овозможи фактичката и правната позадина на предметот. Мислењето добиено од страна на Судот за највисокоте судови во државите – потписнички не е задолжително.

Покрај двата протоколи, во месец декември 2013 година, на веб страната на Европскиот суд за човекови права беа објавени новите услови за поднесување на апликација пред Европскиот суд за човекови права кои ќе се применуваат од 1 јануари 2014 година, со влегувањето во сила на новото Правило 47 од Деловникот на Судот. Станува збор за измена и дополнување на Деловникот, со цел да се зголеми ефикасноста на Судот и да се забрза испитувањето на апликациите. Промените првенствено се однесуваат на информациите и документите кои се доставуваат до Судот при поднесувањето на една апликација, со цел тој да може истата да ја испита што е можно поефективно. Во иднина, секоја апликација поднесена до Судот мора да биде комплетирана во целост и пропратена со копии на релевантните документи. Сите некомплетирани апликации ќе бидат одбиени од страна на Судот .

## 3. АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО КОИ ПОСТАПУВАЛ ЕСЧП

### *3.1. Анализа според засегнати процедурални области*

Анализирајќи ја структурата на предметите против Република Македонија, кои се комуницирани до Владата на Република Македонија изминатите 15 години (1997-2012), односно вкупно **625** жалби, од аспект на процедуралните области кои биле предмет на испитување за наводна повреда на ЕКЧП, укажуваат на тоа дека најголеми забелешки жалителите имаат на постапувањето на домашните судови во граѓанските предмети особено во парничните постапки, меѓутоа значителен број укажува и на постоење на жалбени наводи по однос на кривичните и управните постапки.

### *3.2 Анализа на комуницираните предмети од ЕСЧП по однос на Република Македонија* во текот на 2013 година

Во текот на 2013 година, Европскиот суд за човекови права до Владата на РМ комуницираше 126[6] предмети. Поголем дел од предметите кои беа комуницирани

[6] Во овие 126 комуницирани предмети има еден предмет со број на апликација 41107/07, за кој Судот директно без да ја комуницира Владата на Република Македонија донесе одлука да го тргне предметот од листата на предмети

пристигнаа во пакети со повеќе апликации и жалители. Апликантите се жалеа на повреда на правото на судење во разумен рок, за предмети кои со години биле во постапка пред домашните судови, и за кои ЕСЧП со досегашната судска пракса против Република Македонија, се констатирани како неразумни влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата. Поголемиот дел од нив беа решени по пат на пријателски спогодби, а некои со изјавување на еднострана декларација. Некои од нив сеуште не се решени од страна на Судот.

Останатите предмети не се однесуваат само на повреда на правото на судење во разумен рок. Такви се 23 предмети кои се однесуваат на сериозни аспекти на Конвенцијата, од кои 10 се граѓански предмети, 6 се од кривичната сфера, 6 предмети се управни и еден е вонпарничен предмет.

Приказ на комуницираните како и активните предмети во текот на 2013 година е даден во Анекс 1 и Анекс 4 кон овој Извештај.

### 3.*3 Анализа на одлуките донесени од ЕСЧП по однос на Република Македонија*

**Во текот на 2013 година** Европскиот суд продолжи со својата зголемена ефикасност по однос на одлучување на предметите против Република Македонија и донесе **пресуди или одлуки по 122 предмети** против Република Македонија.

Бројот на одлучени предмети во 2013 година е зголемен во однос на решените предмети во 2012 година кога беа завршени 78 предмети.

Како завршени предмети, за потребите на овој Извештај и преглед на работата на Владиниот агент и Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП се сметаат предметите кои се затворени со одлука на ЕСЧП (пресуда, конечна одлука за недопуштеност, пријателска спогодба или било кој друг вид на одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на Судот), од вкупниот број на предмети комуницирани до Владиниот агент, односно Владата на Република Македонија.

Од вкупно пресудените 122 предмети, 8[7] се пресуди на Судот, а останатите се одлуки. Притоа со сите **8 пресуди се констатирани повреди на правата загарантирани со Конвенцијата**.
Од **донесените 114 одлуки на ЕСЧП,** со пријателски спогодби се завршени 55 предмети, 48 завршиле со унилатерална декларација, за 4 предмети има одлука за недопуштеност, а во 7 одлука дека предметот е тргнат од листата на предмети.

[7] Во статистиката на Судот бројот на пресуди за 2013 година е 9. Разликата е тоа што во 2013 година пристигна пресуда по жалба, по предметот Наумовски, за кој има пресуда од 2012 година.

**Графикон 5**




Сумирајќи ги одлуките на ЕСЧП донесени по однос на Република Македонија сметано од 1998 година заклучно со 31/12/2013 година, состојбата е следна:

- 99 пресуди (95 со повреда и 4 без повреда),
- 236 одлуки за пријателска спогодба,
- 93 одлуки со еднострана декларација на РМ (признавање на повреда), и
- 58 одлука за недопуштеност на жалбата или отфрлање на жалбата.

**Графикон 6**




Од вака прикажаните податоци јасно е дека голем дел од предметите (69%) завршиле со утврдени повреди на правата од Конвенцијата, или пак со одлуки на судот во кои се констатирало пријателско спогодување со странките (а во

недостаток на аргументација за одбрана на државата). Со признание на државата дека правата биле повредени (еднострани декларации) завршиле 19% од предметите.

Во продолжение следува графички приказ на донесените пресуди на ЕСЧП, со констатирани повреди започнувајќи од 2005 година.

**Графикон 7**




Детален приказ на констатираните повреди на членовите од Конвенцијата од страна на РМ, во текот на 2013 година, за кои ЕСЧП донесе 8 соодветни пресуди е прикажан во Анекс 5 кон овој Извештај.

За сите донесени пресуди и одлуки, Владата на РМ е уредно и тековно известена со Информации на Владиниот агент во текот на 2013 година. Дополнително, за сите добиени пресуди и одлуки, а кои произлегуваат како последица од повреда на членот 6 од Конвенцијата, Владиниот агент го извести Судскиот совет на РМ за понатамошно постапување по предметите согласно нивните надлежности.

Анализирајќи ги пресудите на ЕСЧП, сосем е јасно дека доминираат пресудите кои се однесуваат на повреди на членот 6 односно на повреда на правото за правично судење. Имено во 3 пресуди е констатирана повреда на членот 6 од Конвенцијата од аспект на правото на правично судење (било во граѓанската, било во кривичната постапка). Исто така во 3 пресуди имаме повреда на членот 6 од аспект на судење во разумен рок. Во 1 пресуда констатирана е повреда на членот 8 од Конвенцијата, а во една пресуда имаме повреда на повеќе аспекти од членот 5 од Конвенцијата. Исто така во една од пресудите констатирана е повреда на членот 1 од Протоколот 1 од Конвенцијата. Покрај овие повреди во некој од пресудите констатирана е повреда на повеќе членови. Имено во пресудата Велинов против Република Македонија констатирана е повреда на повеќе членови и тоа член 5, член 6 и член 13 од Конвенцијата. Во пресудата Поповски против Република Македонија покрај повредата на членот 8 (од аспект на почитување на правото на приватен живот), констатирана е и повреда на членот 6 од аспект на правото на судење во разумен рок.

Во продолжение следува графички приказ на констатираните повреди по предмети против Република Македонија, сметано од 1999 заклучно со 2013 година:

**Графикон 8 – Констатирани повреди по членови од Конвенцијата (1999-2013)**




Од приказот погоре[8], може да се забележи дека најголем број предмети - 62 односно 56% се однесуваат на повреда на членот 6 од аспект на правото на судење во разумен рок. **Во однос на другите аспекти на членот 6 – правото на фер судење, констатирани се повреди во 23 предмети, т.е. 21%.**

## *3.4. Спогодбено решени предмети и унилатерални декларации*

### 3.4.1. Пријателски спогодби

Во 2013 година бројот на предмети против РМ кои завршија со пријателска спогодба согласно можностите што ги дава ЕКЧП[9] изнесува 55.

[8] Бројот на констатирани повреди дадени во графиконот број 8 се однесува на повреди констатирани по членови од Конвенцијата, а не се однесува на вкупен број пресуди донесени од страна на Европскиот суд за човекови права.

[9] **Член 38-Разгледување на предметот и постапка за пријателско порамнување**

1. Кога Судот ќе прогласи некое барање за допуштено, тој:

а. ..................

б. ќе се стави на располагање на заинтересираните страни со цел да се обезбеди пријателско израмнување, базирано врз респектот за човековите права, како што е дефиниран со Конвенцијата и протоколите.

Важно е да се спомене дека како и низ изминатите години така и во 2013 година, ЕСЧП е оној кој ја иницираше постапката за спогодбено решавање на предметите. Имено, судот на двете засегнати страни во случајот уште на самиот почеток на постапката за предметите кои се однесуваа на повреда на правото на судење во разумен рок, излезе со понуди за пријателско спогодување. Притоа со потпишувањето на изјавата, страните се обврзуваат:
а) Владата: дека ќе ја исплати наведената парична сума на жалителот на име пријателска спогодба,
б) жалителот: дека од своја страна ќе се откаже од било какви барања кон Република Македонија по однос на било кои факти - предмет на жалбата, и прифаќа дека ваквата спогодба претставува конечно решавање на спорот.

ЕСЧП покрај тоа што ја иницираше постапката за разрешување на предметите на овој начин, едновремено ја утврдуваше и предлог сумата за спогодбата која се движеше во рамки од 700 до 5600 Евра по жалител. Бројноста на жалителите пред ЕСЧП кои ја спореа бавноста на домашнте судски постапки, и со кои е постигната пријателска спогодба, доведе до тоа да по овој основ буџетот на РМ биде оптоварен за 326.718 Евра, кои се исплаќаа сукцесивно (во зависност од датумот на донесената одлука на ЕСЧП) како во 2013 така и во првиот квартал на 2014 година. Детален преглед на предметите завршени со одлука за пријателска спогодба е дедена во Анекс 2 на овој извештај.

Според анализите на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, утврдените суми соодветствуваат на компаративната практика во досегашните пресуди кои се однесуваат на Република Македонија, каде во основа се земаат во предвид времетраењето на постапувањето пред домашните судови, сложеноста на случајот и засегнатиот интерес на жалителот во предметната постапка.

Тргнувајќи од нагорниот тренд во користењето на пријателското спогодување за разрешување на предметите против РМ пред ЕСЧП, важно е да се потенцира дека општиот аргумент кој оди во полза на ваквиот начин на разрешување на предметите е дека, конечната одлука на судот, во овие случаи, е одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на судот, при што не се констатира повреда на правата од Конвенцијата од страна на државата. Ова особено во ситуации, каде се работи за повеќегодишни постапувања од страна на националните судови, или за постапувања каде предметот е неколкукратно враќан од страна на повисоките судови, без истите мериторно да одлучат, или во случаи кога судовите очигледно неосновано ја оддолжувале постапката[10].

---

2. Постапката спроведена согласно ставот 1.б ќе биде доверлива.

**Член 39-Постигнато пријателско порамнување**

*„Кога пријателското порамнување е постигнато, Судот ќе го избрише предметото од својот список, преку донесување на одлука ......“.*

[10] За сите предмети со ваква иницијатива од страна на Судот, Владиниот агент по извршените анализи на судските постапки од жалбите, редовно ја известуваше Владата, едновремено изнесувајќи ги своите

### 3.4.2 Еднострани декларации

Во случаите во кои жалителите ја одбиле предлог-пријателската спогодба Владиниот агент, користејќи ја претходно востановената пракса на Европскиот суд, по пат на едностранa декларација, во име на Владата ја признава повредата на правото на судење во разумен рок, и понудува одредена сума како компензација за жалителот. Оттука, ценејќи дека повеќе не постојат причини да се продолжи со жалбата, а врз основа на член 37 став 1 точка в од Европската конвенција, Владата му предлага на судот да го одбие понатамошното разгледување на жалбите.
При изјавувањето на овој вид на декларации, износот на претходно понудената сума за пријателската спогодба (а врз основа на овластување на Владата) се намалува за 10%(за едностраните декларации изјавени по 1 Септември 2012 година), ценејќи дека тоа е нужно со оглед на признанието за сторената повреда на правата на жалителот, кое се изјавува од страна на Владата. Во текон на 2013 година Владата изјавила 48 еднострани декалрации за кои биле испатени 118.037 Евра.

Детален преглед на сите предмети решени на овој начин во 2013 година е прикажан во Анекс 3 кон овој Извештај

## *4. АНАЛИЗА НА ДОСУДЕНИТЕ ПРАВИЧНИ НАДОМЕСТИ ОД СТРАНА НА ЕСЧП ПО ОДНОС НА РМ*

Перцепцијата на македонските граѓани за Европскиот суд како за четврта инстанца е особено видлива во делот на побарувањето за правична отштета, кое жалителите го истакнуваат со самото поднесување на жалба пред Европскиот суд, или пак во засебните барања за материјална и/или нематеријална штета, како и трошоци во постапката.

Во најголем дел од случаите жалителите од Европскиот суд бараат да пресуди како финансиска отштета износ кој соодветствува на сумите за кои тие сметаат дека им биле ускратени во текот на постапката пред домашните судови, односно имотните барања предјавени во домашните постапки.

Сепак, Европскиот суд никогаш не се впушта во преоценување на мериторноста на одлуките на органи/судови, туку секогаш се задржува само на утврдување на фактот: **дали во постапките е повредено одредено право согласно одредбите на Конвенцијата.** Оттука, евентуалната сума што судот ќе ја одреди како надомест за правична отштета, секогаш ќе се однесува на правичен надомест заради повредување на правата на жалителите од Конвенцијата, а не за нивна отштета како исходот од домашните постапки.

---

аргументи во правец на прифаќањето на ваквите спогодби. Освен спецификите кои се карактеристични од случај во случај, а за кои Агентот исто така се произнесуваше

Впрочем, и согласно праксата на Европскиот суд, целта на институтот правична отштета, така како што е дефиниран и разработен според членот 41 од Конвенцијата[11], *не е збогатување на жалителите кои ќе го добијат спорот против државата, туку неговата улога е да ги направи стандардите во областа на човековите права јавни и обврзувачки. Со други зборови, овие стандарди не се неизбежно и исклучиво врзани со лукративниот аспект од жалбата пред Европскиот суд – напротив, овој рестриктивен пристап супстанциелно ги намалува истите. Практично, целта на механизмот на Европската конвенција е субсидијарен, односно правата е потребно да бидат првенствено заштитени во домашниот правен систем.*

Износот со кој беше оптеретен Буџетот на РМ во 2013 година изнесува 482.295 **Евра**.

Следува табеларен приказ на целокупниот одлив на средства по основ на одлуки и пресуди на ЕСЧП од моментот на задолжувања за државата да исплаќа парични надомести - 2002 година, заклучно со 2013 година.

**Табела 3- Исплатени средства по Одлуки и Пресуди на ЕСЧП**

| **Години** | **2002** | **2003-2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **Вкупно (по тип на одлука)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Износи во Евра*** | | | | | | | | | | | |
| **ОДЛУКИ (Судење во разумен рок)** | 77.000 | | 14.500 | 15.870 | 150.040 | 96.226 | 578.800 | 186.773 | 246.210 | 414.737 | **1.780.156** |
| **ОДЛУКИ ( по други членови од ЕКЧП)** | | 0 | | | | | 30.000 | | 2.200 | 30.018 | **62.218** |
| **ПРЕСУДИ** за разумен рок и др. права од Конвенцијата | 0 | | 0 | 14.396 | 22.635 | 23.370 | 29.225 | 11.864 | 91.420 | 37..540 | **230.450** |
| **Вкупно (по години)** | 77.000 | 0 | 14.500 | 30.266 | 172.675 | 119.596 | 638.025 | 198.637 | 339.830 | 482..295 | |

Анализирајќи ги податоците прикажани во табелата и графиконот, видно е дека Република Македонија за 2013, по основ на пресуди и одлуки на ЕСЧП, имала обврска да исплати 482.295 Евра.

---

[11] Кога Судот ќе оцени дека постои повреда на Конвенцијата или на протоколите, и доколку внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна овозможува само делумна репарација на штетата, тогаш доколку е тоа неопходно, Судот ќе му додели правична отштета на оштетениот.

## *6.2 . Останати активности на Бирото*

Во текот на 2013 година Бирото, покрај својата основна обврска на застапување на државата пред ЕСЧП, беше инволвирано во поголем број други активности во насока на подигнување на свеста кај сите релевантни домашни актери во однос на значењето на Конвенцијата и одлуките на ЕСЧП врз домашното правораздавање и владеењето на правото.

Во насока на конзистентна примена на новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда во согласност со принципите на ЕСЧП пред сите судски инстанци во РМ, Бирото- МП испечати збирка во два тома на македонски јазик од 70 релевантни пресуди на ЕСЧП кои се однесуваат на членот 10 од Конвенцијата, на повеќе од 2.500 страници. Најголем дел од пресудите се донесени од страна на Големиот судски совет на ЕСЧП. Во соработка со АСЈО едицијата беше дистрибуирана до сите првостепени и второстепени судови во РМ, како и до Врховниот суд на РМ за нејзина практична примена во тековните домашни предмети при експлицитно повикување на праксата на ЕСЧП во образложението на домашните судски одлуки од таа област.

Понатаму, во соработка со АСЈО, Владиниот агент и претставници од Бирото учествуваа како предавачи на 13 обуки на судии и обвинители од сите инстанци во врска со правата кои произлегуваат од членовите 3, 5, 6 и 10 од Конвенцијата. Дел од обуките беа организирани како резултат на редовниот план за обука на АСЈО, но дел беа организирани како еден вид општи мерки во насока на извршување на пресудите донесени против РМ а во кои како проблем се јавува примената на домашните закони, односно запознавање на судиите со констатираните повреди од страна на Судот во Стразбур во конкретни предмети, со цел да се избегнат во иднина исти или слични повреди.

Во соработка со Кралството Холандија и АСЈО, преку програмата МАТРА, Бирото зема учество во подготовка и издавање на едиција од 24 релевантни пресуди на ЕСЧП против други држави по различни членови од Конвенцијата, која подоцна беше дистрибуирана до сите судски инстанци и други релевантни органи во РМ за нејзина практична примена.

Во соработка со АИРЕ Центарот со седиште во Лондон, а поддржано од страна на министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство, Бирото како клучен партнер, успешно имплементира регионален проект во кој е вклучена и Република Македонија и се однесува на изготвување на мини-худок база на сите досега преведени пресуди на македонски, српски, хрватски, босански и албански јазик. Проектот е предвидено да заврши до крајот на февруари кога ќе има сопствена промоција, и од кога сите судии и други релевантни институции ќе имаат целосен и неограничен пристап до повеќе од 1.200 преведени пресуди од судот во Стразбур на петте јазици. Базата ќе на он-лајн преведени пресуди е

предвидено да биде пребарлива по повеќе критериуми во зависност од корисникот.

Од страна на Министерот за правда, Владиниот агент беше назначен како член на групата која работи на измени и дополнување на ЗКП, со цел да се ремедираат досегашните законски решенија кои беа причина за констатирани повреди на Конвенцијата во кривичната свера. Од страна на комисијата која работи на измените беа прифатени сите забелешки на ЗКП доставени од Бирото, при што се очекува истите да бидат преточени во нови законски решенија до крајот на годината со што директно ќе се превенираат нови системски повреди на Конвенцијата.

На 11 јули, пред Големиот судски совет во Судот во Стразбур се одржа јавна расправа по повод жалба на тројца апликанти насочена кон, помеѓу останатите, и против Република македонија на која присуствуваше Владиниот агент и ја застапуваше позицијата на Владата на РМ.

Владиниот агент од 24-26 септември, во Стразбур, зеде учество во работата на Комитетот на министри при Советот на Европа на неговата редовна сесија на која се разгледуваат мерките превземени од страна на државите членки во врска со извршувањето на донесените пресуди од страна на Судот во Стразбур.

На покана на Владиниот Агент на СР Германија, а во соработка со Советот на Европа, од 07 до 11 ноември вработените од Бирото оствариjа студиска посета во Берлин, СР Германија, на Министерството за правда кое ја има надлежноста на застапување на СР Германија пред ЕСЧП со цел размена на искуства и добри практики.

Во текот на цела 2013 година, Бирото вршеше континуиран превод на македонски јазик на сите тековни пресуди донесени против РМ и истите ги дисеминираше до сите судски инстанци и други релевантни институции инвлвирани во предметот за нивно запознавање и спречување на идни повреди. Истовремено Бирото врши јавно објавување на сите преведени пресуди против РМ на својата веб страна за запознавање со истите на пошироката јавност, а во насока на подигање на свеста за системот на заштита предвиден со Конвенцијата.

Анекс 1 - комуницирани предмети 2013 владин агент
Анекс 2 - пријателски спогодби 2013 владин агент
Анекс 3 - Одлуки по УД 2013 владин агент
Анекс 4 - активни предмети 2013 владин агент
Анекс 5 - пресуди 2013 владин агент